Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 став 3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден__.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2027 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување континуирана промоција и афирмација на Општина Велес во државата и странство;
- Зголемување на препознатливоста на Велес преку организација и реализација на јавни настани и манифестации од промотивен, традиционален, забавен и спортско-рекреативен карактер;
- Промовирање на локалните традиции, обичаи и други вредности и потенцијали на Општина Велес;
- Збогатување на јавниот и општествениот живот во градот преку организација на разновидни настани и манифестации;
- Обезбедување активен и транспарентен однос на Општина Велес кон потребите за информирање на населението;
- Зачувување и унапредување на воспоставената меѓународна соработка и создавање услови за развој на нови партнерства.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка ќе бидат насочени кон остварување на целите на оваа Програма, и тоа:

- Обезбедување континуитет во промовирањето на Велес од културен, историски, економски, спортски и друг аспект;
- Организација, координација и реализација на јавни настани, фестивали и манифестации кои придонесуваат за промоција и афирмација на градот и неговите вредности;
- Организација и реализација на традиционални, забавни, сезонски и спортско-рекреативни манифестации кои го збогатуваат општествениот живот и ја зголемуваат препознатливоста на Велес;

- Обезбедување организациска, техничка, логистичка и промотивна поддршка за подготовка и реализација на јавните настани и манифестации во организација на Општина Велес;
- Реализирање активности за навремено, точно и транспарентно информирање на населението за работата на Општината, нејзините проекти, активности и настани;
- Подготовка и реализација на промотивни и информативни активности и материјали за претставување на Општина Велес пред домашната и меѓународната јавност;
- Создавање услови за реализација на работни и официјални посети и унапредување на меѓународната комуникација и соработка со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го поддржуваат развојот на локалните заедници.

	НАЗИВ	**ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА**
1	**АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ**	**8.380.000**
1.1	Одбележување на Св. Трифун	280.000
1.2	Велешко лето 2027	1.200.000
1.3	Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА 2027“	6.000.000
1.4	Новогодишен хепенинг „Винтерфест“	700.000
1.5	Организација на други јавни настани	200.000
2	**ДРУГИ РАСХОДИ**	**1.750.000**
2.1	Изработка и печатење на промотивен материјал	100.000
2.2	Набавка на промотивни сувенири и подароци	50.000
2.3	Озвучување, осветлување и цветни аранжмани за јавни настани и манифестации	900.000
2.4	Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес	150.000
2.5	Трошоци за репрезентација	300.000
2.6	ЗАМП	200.000
2.7	Непредвидени трошоци	50.000
	ВКУПНО	**10.130.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Велес за 2027 година, средства од Буџетот на Република Македонија, како и од спонзорства, донации и други извори на финансирање согласно законските прописи.

При реализацијата на Програмата, Општина Велес ќе остварува соработка со јавни институции, граѓански организации, деловниот сектор и други заинтересирани субјекти, со цел заедничка организација, поддршка и реализација на јавни настани, манифестации и други активности кои придонесуваат за промоција и афирмација на градот. Во рамки на оваа соработка ќе се поддржуваат и проекти финансирани од надворешни извори, вклучително и од партнерски организации, фондации, спонзори и донатори, во согласност со целите на оваа Програма.

IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината. По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се придонесе кон промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка се:

- Обезбедување стручна, организациска, техничка, логистичка и друга поддршка со расположливите човечки и материјално-технички ресурси на Општина Велес;
- Обезбедување покровителство и поддршка при реализација на настани, манифестации и проекти организирани од други институции, организации и субјекти, кои се во согласност со целите на оваа Програма;
- Организирање протоколарни, промотивни и работни средби со претставници на институции, организации, збратимени градови и други партнери во рамки на реализацијата на програмските активности;
- Воспоставување соработка и координација со јавни институции, граѓански организации, деловни субјекти и други заинтересирани страни за успешна подготовка и реализација на јавни настани и манифестации;
- Обезбедување промотивна и медиумска поддршка за настани и активности кои придонесуваат за зголемување на препознатливоста и афирмацијата на Општина Велес.

Овие форми на активности ќе се реализираат во согласност со расположливите финансиски, кадровски и технички можности на Општина Велес, како и со важечките законски прописи.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Велес, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка за 2027 година претставува сеопфатно планирање на активностите во овие области.

Предвидените активности и финансиски средства се засноваат на досегашната реализација на Програмата за промоција, комуникација со јавноста и меѓународна соработка, како и на преземањето на организацијата и реализацијата на одредени јавни настани и манифестации кои претходно беа опфатени со други програми на Општина Велес со цел нивно поефикасно планирање, координација и реализација.

Вкупно предвидени финансиски средства за оваа програма се 10.130.000 денари.